**Врз основа на Програмата за јавни дејности за Општина Гази Баба за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" број 14/2022), Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза од 30 јануари 2023 година и Одлуката на советот на Општина Гази Баба со број 09-400/12 од 30 јануари 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" број 01/2023), Општина Гази Баба објавува**

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ГРАЃАНИ ПОГОДЕНИ ОД ЕНЕРГЕТСКАТА И ФИНАНСИСКАТА КРИЗА**

Паричната помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза ќе се исплатува како месечен надомест за месеците јануари и февруари 2023 година.

**(1) Паричната помош за месечна субвенција за електрична енергија за социјално загрозени граѓани, жители на Општина Гази Баба.**

За оваа парична помош може да поднесат барање членови на домаќинства кои се корисници на парична помош од социјална заштита (гарантирана минимална помош).

Висината на месечната парична помош изнесува 1.100,00 денари со вклучен персонален данок.

Средствата од паричната помош за субвенција за електрична енергија се трансферираат до снабдувачот на електрична енергија ЕВН Македонија АД.

За остварување на правото за месечна субвенција за електрична енергија се поднесува следната документација:

• Образец - Барање;

• Фотокопија од важечка лична карта или патна исправа на барателот со живеалиште во Општина Гази Баба;

• Фотокопија на имотен лист од објектот за кој се бара субвенција за електрична енергија;

• Фотокопија од последна платена сметка за електрична енергија од месеците јануари или февруари 2023 година, при што броилото за електрична енергија треба да соодветствува со адресата на барателот која се утврдува од последната платена сметка за електрична енергија;

• Потврда од Центарот за социјална работа на Град Скопје дека е примател на гарантирана минимална помош во 2023 година; и

• Потпишана Изјава за согласност за користење личните податоци.

**(2) Месечна парична помош за корисници на пензија до најмногу 15.000,00 денари, жители на Општина Гази Баба.**

За оваа парична помош барање може да поднесат сите приматели на ниски пензии во висина до најмногу 15.000 денари, жители на Општина Гази Баба.

Висината на месечната парична помош е во износ од 1.100,00 денари со вклучен персонален данок.

Паричната помош за субвенција се исплаќа на трансакциската сметка на барателот.

Доколку има промена во животната состојба на барателот, семејството е должно да ја извести Општина Гази Баба.

За остварување на правото на месечна помош за пензионери се поднесува следната документација:

- Образец- Барање;
- Фотокопија од важечка лична карта или патна исправа на барателот со живеалиште во Општина Гази Баба;
- Фотокопија од трансакциска сметка на барателот;
- Извод - потврда од деловна банка (чек) од последна исплатена пензија за месец јануари 2023 година;
- Фотокопија од последна платена сметка за електрична енергија од месеците јануари или февруари 2023 година, при што броилото за електрична енергија треба да соодветствува со адресата на барателот која се утврдува од последната платена сметка за електрична енергија;
- Потпишана Изјава за согласност за користење личните податоци.

Образец - Барање и Изјава за согласност за користење лични податоци може да се подигнат од архивата на Општина Гази Баба или да се симнат од официјалната веб-страница на Општина Гази Баба www.gazibaba.gov.mk.

Барањето со целокупната потребна документација се доставува преку пошта, на адресата на Општина Гази Баба улица "Архимедова" број 2, 1000 Скопје или во архивата на Општина Гази Баба секој работен ден од 7.30 до 16.00 часот, во затворен плик со назнака "За јавен оглас за парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза" и со ознака "Не отворај" (на кој ќе биде точно наведено датум и час на архивирање).

Јавниот повик трае до 20.03.2023 година од денот на објавувањето на веб-страницата на Општина Гази Баба и ќе се реализира по принципот "прв дојден, прв услужен", до исцрпување на предвидените 2.000.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година за таа намена.

Подносителот чие барање ќе биде одбиено се известува и за причините за одбивањето.

**Начин на реализација на Јавниот повик**

Комисијата пристигнатите барања ги разгледува во рок од 5 (пет) дена по завршувањето на Јавниот повик. Некомплетните и ненавремено доставените барања, Комисијата нема да ги разгледува и за тоа ги известува барателите. Комисијата има право да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во соодветноста на поднесената документација, а по потреба да се консултира со стручни лица. Комисијата во рок од 3 (три) дена по завршувањето на постапката за избор на корисници на парична помош во согласност со овој Правилник, предлог-Одлуката ја објавува на веб-страницата на Општина Гази Баба.

Против предлог-Одлуката на Комисијата, незадоволниот барател може да поднесе писмена жалба до градоначалникот на Општина Гази Баба преку Комисијата во архивата на Општина Гази Баба во рок од 5 (пет) дена од објавата на Одлуката на веб-страницата на Општина Гази Баба. По жалба решава градоначалникот на Општина Гази Баба, по предлог на Комисија за жалби која ја формира градоначалникот на Општина Гази Баба со решение, во состав од претседател и пет члена. Одлуката на градоначалникот е конечна.

По конечноста на сите жалбени постапки, Одлуката за доделување парична помош на социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза, ја потпишува градоначалникот на Општина Гази Баба и се објавува на веб-страницата на Општина Гази Баба. Во рок од 5 (пет) дена по објавата на Одлуката за доделување парична помош на социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза, градоначалникот на Општина Гази Баба издава решенија на сите баратели на кои им е доделена парична помош.

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**